Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05-003388/18-0001 од 12.01.2018 г.

2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 18, 27, 43 и 52 од основниот План за јавни набавки за 2018 година, и истите гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ, (денари) | Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 18. | Одржување фискални апарати | | Октомври | 254.237,00 | 300.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 27. | Сервисирање на чамци | | Мај | 254.237,00 | 300.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Тригодишна набавка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Набавка на консултантски услуги за потребите на сметководство | | Септември | 84.746,00 | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 52. | Одржување на систем за наплата | | Мај | 508.475,00 | 600.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се дополнува со нова набавка** која гласи:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| 1 | Опрема за царинска лабораторија | 38424000-3 | април | 12.881.355,93 | 15.200.000,00 | Отворена постапка | |

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05-003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање бр.21-024594/18-0001 од 26.03.2018 година од Сектор за контрола и истраги–Одделение за оперативни работи со кое се бара зголемување на проценетата вредност на планираната тригодишна јавна набавка на услуги-„Сервисирање

на чамци" (број 27), така да проценетата вредност на набавката наместо 180.000,00 денари изнесува 300.000,00 денари со вклучен ДДВ, и тоа: 1 година-износ од 180.000,00 денари, 2 година-износ од 60.000,00 денари и 3 година-износ од 60.000,00 денари. Предметното зголемување на проценетата вредност е потребно заради вклучување во набавката и на услуга за замена на мотори која првично не била предвидена. Потребата за истата е предизвикана од донираниот мотор од страна на Американската амбасада со цел зголемување на капацитетите-брзината на моторните чамци со кои располага Одделението за оперативни работи. Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0018 од 30.03.2018 година, потребните средства за релизација на оваа тригодишна јавна набавка во износ од 300.000,00 денари ќе се планираат и обезбедат со буџетот на Царинска управа за 2018, 2019 и 2020 година.

- Барање бр.05-003388/18-0019 од 03.04.2018 година од Сектор за финансиски прашања со кое се бара промена на податоците за очекуван почеток на постапка кај постапките за набавка на консултантски услуги за потребите на сметководство и за одржување на систем за наплата, наведени во Планот за јавни набавки за 2018 година (број 43 и 52). Согласно барањето, за набавката на консултантски услуги за потребите на сметководство очекуван почеток на постапката треба да биде во месец септември, а за набавката за одржување на систем за наплата очекуван почеток на постапката да биде во месец мај.

- Барање бр.29-003388/18-0020 од 10.04.2018 година од Сектор за административни и технички работи - Одделение за управување со гранични премини со кое се бара промена на податоците за предмет за договорот за јавна набавка и промена на податоците за очекуван почеток на постапка кај постапката наведена под број 18 во Планот за јавни набавки за 2018 година. Согласно барањето, предмет за договорот за јавна набавка треба да биде „Одржување фискални апарати", а очекуван почеток на постапката треба да биде во месец октомври.

- Барање бр.13-024753/18-0002 од 20.03.2018 година од Секторот за царински систем-Одделение за царинска лабораторија, за дополнување на Планот за јавни набавки со нова јавна набавка на „Опрема за царинска лабораторија", со вкупна проценета вредност на набавката во износ од 15.200.000,00 денари со ДДВ. Предметната набавка е потребна заради замена на дотраената и расипана опрема за испитување на производи од нафта и нафтени деривати, како и заради набавка на нова опрема која е потребна за испитување на дополнителни параметри во овој тип на производи. Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0018 од 30.03.2018 година, потребните средства за оваа набавка во износ од 15.200.000,00 денари ќе се обезбедат со буџетот на Царинска управа за 2018 година.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Број 05-003388/18 – 0021
Скопје, 12-04-2018 г.

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: По овластување на директорот број 04-028027/18-0003 од 30.03.2018 г.
Зоран Петковски
началник

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи